# Живеење во мултиетничка средина
# – граѓани со еднакви права, можности и заштита

Под исто сонце
Nën të njëjtin diell
Aynı güneş altında
Telo jekh kham
Под истим сунцем
Sum idghu soari
Under the same sun

Проектот ***„Живеење во мултиетничка средина – граѓани со еднакви права, можности и заштита"*** е финансиран од Европската комисија во рамките на Кампања 4 на Европската иницијатива за демократија и човекови права (EIDHR): унапредување на еднаквоста, толеранцијата и мирот и од Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ). ФИООМ, во соработка со НВО *Заеднички вредности* и 12-те Центри за поддршка на НВО, проектот го спроведува во регионот на Велес, Прилеп, Штип, Кичево, Струга, Ресен, Гевгелија, Неготино, Струмица, Делчево, Кратово, Дебар, Куманово и Тетово.

**Целта на проектот** е да се подобри статусот на малцинските групи и да се зајакнат капацитетите за активно учество во креирањето на јавните политики на локално и национално ниво.
Времетраењето на проектот е 30 месеци, од јануари 2007 до јуни 2009 година.

**Проектот ги има следниве задачи:**

- да ја зголеми јавната свест за правата на малцинските групи и да промовира почитување и заштита на немнозинските етнички заедници во согласност со релевантните меѓународни конвенции и со националното законодавство;
- да изврши мониторинг на спроведувањето на постоечките антидискриминациски одредби во општините;
- да ги мотивира претставниците на малцинските групи да учествуваат во креирањето на јавните политики и во реформите, посебно во областа на заштита на нивните права;
- да ги развива капацитетите и соработката меѓу НВО и институциите што работат со маргинализираните етнички малцинства и со етничките заедници;
- да влијае врз владините институции во поглед на натамошно спроведување на стратегијата за правична застапеност на немнозинските етнички заедници во јавната администрација и јавните претпријатија.



Крајни корисници на проектот се претставниците на различни етнички малцинства во земјата.

**Непосредни корисници на проектот се:**

- НВО што работат на прашања за малцинствата, кои ќе ги зајакнат сопствените капацитети, посебно во насока на лобирање и застапување за спроведување на меѓународните и националните одредби и за активно учество во процесите на донесување одлуки;
- локалните власти, кои ќе го зголемат сопственото знаење за признавање и справување со потребите на заедниците коишто не го сочинуваат мнозинството и ќе бидат поттикнати да практикуваат и промовираат ефективно граѓанско учество во изготвувањето нацрти на соодветните политики;
- јавните институции на локално и на национално ниво, кои ќе ја подобрат сопствената соработка со граѓанското општество во однос на заштитата на малцинските права;
- медиумите, кои ќе ја развијат сопствената сензитивност во однос на малцинските права и дискриминацијата, разбирањето на механизмите за заштита и улогата на различните институции;
- граѓаните, кои ќе бидат соодветно информирани за одговорностите на централната и на локалните власти за спроведување на нивните должности во однос на заштитата на малцинските права и ќе бидат поттикнати да се стекнат со знаења за активно учество во креирањето на политиките и во донесувањето на одлуки.

**Контакт информации:**

**Фондација Институт отворено општество – Македонија**
***Програма Граѓанско општество***
Бул. Јане Сандански бр. 26/2-2, 1000 Скопје
телефон/факс: 02 2403010
lme@sonet.com.mk

**НВО Заеднички вредности**
Бул. Климент Охридски бр. 7/1, 1000 Скопје
телефон/факс: 02 3217242

**Центри за поддршка на НВО:**

**Регионален центар за одржлив развој**
**Гевгелија** khadzinikolova@sonet.com.mk

**Центар за одржлив развој на заедницата**
**Дебар** smarku@sonet.com.mk

**Регионален центар за застапување**
**Делчево** tfilobok@sonet.com.mk

**Регионален центар за одржлив развој**
**Кратово** bmicevski@sonet.com.mk

**Центар за развој на заедницата**
**Кичево** bristeska@sonet.com.mk

**Центар за локален развој АНТИГОНЕА**
**Неготино** rjanevska@sonet.com.mk

**Фондација за поддршка и развој**
**Прилеп** aribaroski@sonet.com.mk

**Центар за поддршка на заедницата**
**Ресен** ebahtijar@sonet.com.mk

**Здружение за развој и активизам АКВА**
**Струга** avlashi@sonet.com.mk

**Центар за одржлив развој ПОРТА**
**Струмица** mnikolov@sonet.com.mk

**Фондација за развој на локалната заедница**
**Штип** nlongurova@sonet.com.mk

**Фондација за локален развој и демократија**
**ФОКУС Велес** dvelev@sonet.com.mk

## Проектот го сочинуваат следниве компоненти:

***Компонента 1:*** **Градење капацитети и вмрежување -** има за цел да ги развие способностите на релевантните институции, комисиите за односи меѓу заедниците и НВО што работат со малцински групи/на прашања за малцинствата преку проценката на потребите, обуки и обуката за обучувачи. Оваа компонента обезбедува подобра комуникација и охрабрува вмрежување и соработка на локално и на национално ниво меѓу НВО, експертите и институциите што работат на полето на заштита на малцинските права.

***Компонента 2:*** **Лобирање, застапување и зголемување на јавната свест -** има за цел да ги зајакне капацитетите за лобирање и застапување на малцинските групи во поглед на промоција и заштита на нивните права. Оваа компонента ја сочинуваат следниве активности: публикација и промоција на меѓународните конвенции и декларации и националното законодавство за малцинските права, кампања за зголемување на јавната свест за правата на немнозинските етнички заедници, локални и национални дебати, состаноци, работилници со соодветните институции со цел да се дискутира за актуелните проблеми поврзани со малцинските права.



***Компонента 3:*** **Мониторинг на локалната администрација** – има за цел да се набљудуваат и анализираат тековните процеси на децентрализацијата во поглед на меѓуетничките односи, особено во немнозинските етнички заедници, како и да се обезбедат информации и препораки за следните активности, можни мерки и решенија. Мониторинг тимовите, основани во 12 градови, изведуваат мониторинг на работата на локалната администрација во поглед на спроведувањето на меѓународното и домашното законодавство поврзано со правата на малцинските групи и изготвуваат извештаи со препораки.

## Активностите во проектот ќе придонесат кон постигнување на следниве резултати:

1) Зголемени капацитети на НВО и институциите кои работат на прашањата за малцинските права;
2) Создавање на зголемен број ефективни мрежи на НВО кои ќе ги застапуваат прашањата што се важни за малцинските групи на локално, регионално и на национално ниво;
3) Подобрените односи и соработката меѓу релевантните засегнати страни ќе доведат до подобро разбирање на правата и обврските на обете страни (институции-граѓани) и ќе влијаат на креирањето на сензитивни политики;
4) Граѓаните ќе бидат информирани за законодавството за малцинските права;
5) Зголемена јавна свест за значењето на „правична застапеност на малцинствата“ (и жени и мажи) во сите области на социјалниот живот;
6) Активностите за застапување и лобирање ќе влијаат на процесите за донесување одлуки на локално и национално ниво.

European Union Mission